**ПРИЛОГ 4.А: ОПИС НА ЦЕЛОСНО РАЗВРЗАН ПРИСТАП НА ЛОКАЛНА ЈАМКА И КОМПОНЕНТИ НА КАБЕЛСКО ПОВРЗУВАЊЕ**

**Содржина**


**1. Опис на услугата ........ 2**
**2. Компоненти на услугата ........ 3**
2.1 Компоненти на услугата за Целосно Разврзан Пристап На Локална Јамка ........ 3
2.2 Компоненти на услугата за Компоненти На Кабелско Поврзување ........ 3
**3. Услови за користење на Услугата ........ 3**
**4. Надоместоци ........ 4**
**5. Параметри за квалитет ........ 4**
**6. Ограничување на одговорноста ........ 4**

## 1 Опис на услугата

**1.1** Со Целосно Разврзан Пристап На Локална Јамка се обезбедува за Надомест пристап на Страната Баратeл , до Локалната Јамка која ја поврзува Претплатничката Пристапна Точка со MDF (Главниот Разделник) на Македонски Телеком АД.

**1.2** Со Целосно Разврзан Пристап На Локална Јамка, Локалната Јамка аранжирана на Главниот Разделник е терминирана (приклучена) во мрежата на Страната Баратeл преку Компоненти На Кабелско Поврзување. За оваа цел нови MDF Блокови се инсталираат во просторијата на MDF,




Слика 1 – Целосно Разврзан Пристап На Локална Јамка

каде побараната Локална Јамка е поврзана и:

**а)** во случај на Физичка Колокација или Виртуелна Колокација, MDF Блокот е поврзан преку Кабелот За Поврзување на HDF Блокот кој и е достапен на Страната Баратeл во Колокациската Единица На Страната Баратeл. Конекциската Точка е точката на терминирање (приклучување) на Кабелот За Поврзување на HDF Блокот кај Страната Баратeл;

**б)** во случај на Оддалечена Колокација, Конекциската Точка е точката на терминирање (приклучување) на Кабелот За Поврзување на MDF Блокот сместен во Надворешното Место.

**1.3** Колокацијата која е потребна за Разврзан Пристап На Локална Јамка и овозможува на Страната Баратeл да ја поврзе Опремата На Страната Баратeл во зградата на Македонски Телеком АД, на Локалната Јамка и на овој начин услугата се обезбедува на Претплатникот.

## 2 Компоненти на услугата

### 2.1 Компоненти на услугата за Целосно Разврзан Пристап На Локална Јамка

**а)** Локалната Јамка која го поврзува MDF со Претплатничката Пристапна Точка, впредена бакарна парица во сопственост на Македонски Телеком АД;

**б)** интерен впреден бакарен преспоен кабел, во сопственост на Македонски Телеком АД, кој ја преспојува Локалната Јамка од постојниот MDF Блок до новиот MDF Блок каде завршува Кабелот За Поврзување.

### 2.2 Компоненти на услугата за Компоненти На Кабелско Поврзување

**а)** MDF Блок со 10 или 100 парици, во сопственост на Македонски Телеком АД, кој се наоѓа во просторијата на MDF;

**б)** во случај на Физичка Колокација, HDF Блок со 10 или 100 парици, во сопственост на Македонски Телеком АД, кој се наоѓа во Колокациската Единица На Страната Барател;

**в)** Кабел За Поврзување, во сопственост на Македонски Телеком АД, со 10 или 100 парици.

## 3 Услови за користење на Услугата

**3.1** Предуслов за Разврзан Пристап На Локална Јамка е да има на располагање бакарна парица помеѓу MDF на Македонски Телеком АД и Претплатничката Пристапна Точка и да не е потребна дополнителна активност за инсталирање. **3.2** По изведување на Целосно Разврзан Пристап На Локална Јамка, Локалната Јамка останува во сопственост на Македонски Телеком АД.

**3.3** По изведување на Целосно Разврзан Пристап На Локална Јамка услугата за фиксна говорна телефонија и широкопојасната услуга за пренос на податоци на Претплатникот му ги обезбедува Страната Барател. По обезбедувањето на Разврзан Пристап На Локална Јамка, Македонски Телеком АД нема право да обезбедува услуги на Претплатникот на таа Локална Јамка.

**3.4** Техничките услови за Разврзан Пристап На Локалната Јамка се дадени во Прилог 5.А (Технички Услови за Разврзан Пристап На Локална Јамка).

**3.5** Разврзан Пристап На Локална Јамка не е возможно

**а)** на Локална Јамка имплементирана со оптички влакна или со радио пристап;
**б)** на виртуелна Локална Јамка обезбедена со активни уреди (линиски концентратори или линиски мултиплексери)

**3.6** Разврзан Пристап На Локалната Јамка не се обезбедува ако не може да се склучи Индивидуален Договор За Локална Јамка.

**3.7** По имплементирањето на преносливост на број, Барањата за Разврзан Пристап На Локална Јамка и барањата за преносливост на број за иста Локална Јамка ќе бидат проследени во една процедура.

**3.8** Македонски Телеком АД овозможува Разврзан Пристап На Локална Јамка за постоечките Локални Јамки кои се веќе инсталирани до Претплатничката Пристапна Точка и за кои Претплатникот нема важечки Претплатнички Договор и за Локални Јамки за кои Претплатникот има склучено важечки Претплатнички Договор и нема неплатени доспеани месечни сметки или претплатничката линија не е исклучена во двата правци. Во случај кога постоечката Локална Јамка не е довршена,ако постојат технички можности Македонски Телеком АД ќе изврши техничка доипмлементација за поврзување на постоечката Локална Јамка со Претплатничката Пристапна Точка кога се поврзува индивидуален објект за домување со соодветниот уличен телекомуникациски столб.

## 4 Надоместоци

Надоместоците кои се плаќаат за Целосен Разврзан Пристап На Локална Јамка се дефинирани во Прилог 8.Б (Надоместоци).

## 5 Параметри за квалитет

| **Параметри за квалитет** | **Референтно ниво** |
|---|---|
| обезбедување разврзан пристап | 7 дена |
| откажување | 7 дена |
| однос на фактички пречки на кабелот отстранети од страна на Македонски Телеком АД во рок од 48 часа во однос на сите фактички пречки на кабелот пријавени од Страната Барател | 95% |
| однос на фактички пречки на кабелот отстранети од страна на Македонски Телеком АД во рок од дополнителни 48 часа во однос на сите фактички пречки на кабелот пријавени од Страната Барател | 5% |

## 6 Ограничување на одговорноста

**6.1** Во случај на Целосно Разврзан Пристап На Локална Јамка Македонски Телеком АД е одговорна за следните секции:

**а)** во случај на Физичка Колокација: Македонски Телеком АД е одговорна за делот од Претплатничката Пристапна Точка до точката каде Кабелот За Поврзување терминира (се приклучува) на HDF (Конекциска Точка);

**б)** во случај на Оддалечена Колокација: Македонски Телеком АД е одговорна за делот од Претплатничката Пристапна Точка до Конекциската Точка обезбедена во Надворешното Место.

**6.2** Страната Барател е одговорна за работењето на HDF на страната на Опремата На Страната Барател и за Опремата На Страната Барател.